Архивски број: 08-178/6
17-07-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-178/1 од 4.2.2025 година поднесена од Синдикат на полицијата во Македонија против Министерство за внатрешни работи, за извршена дискриминација врз основ на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи сторена од страна на Министерство за внатрешни работи врз вработените во Министерството кои не се членови на репрезентативниот синдикат.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставена е претставка бр. 08-178/1 од 4.2.2025 година, поднесена од страна на Синдикат на полицијата во Македонија за сторена дискриминација врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на Министерството за внатрешни работи.

Наведената претставка е поднесена истакнувајќи наводи за дискриминаторски одредби во Колективниот договор на МВР. Оттука, цитирани се следните одредби од колективниот договор:

***Член 277***
*„(1) Претседателот и Генералниот секретар на МПС, својата функција можат да ја вршат волонтерски или професионално.*
*(2) Претседателот и Генералниот секретар на МПС за начинот на вршење на својата функција во писмена форма го известуваат министерот, најдоцна во рок од 15 дена по нивниот избор.“*

***Член 278***
*„(1) Доколку Претседателот и Генералниот секретар на МПС функцијата ја вршат волонтерски за остварување на нивните обврски и функции кои произлегуваат од Статутот на МПС и Програмата за работа и за учество во работа на други облици на синдикалното здружување, ќе бидат ослободени од работните обврски по 64 работни часа месечно.*
*(2) Претседателот и Генералниот секретар на МПС за времето поминато во вршење на синдикални активности добиваат полн надомест на плата за работното место на кое се распоредени согласно актот за систематизација на работните места во Министерството и истите ги користат сите права од работниот однос.*
*(3) Ослободувањето од вршење на работните обврски во смисла на ставот (1) од овој член и на синдикалните претставници, се врши во договор со раководителот на организациската единица каде тие се распоредени, при што се обезбедува непречено вршење на работните обврски.*
*(4) Во организациската единица од ставот (3) на овој член, се врши и евидентирање на времето поминато во вршење на синдикални активности.“*

***Член 279***
*„(1) Доколку Претседателот и Генералниот секретар на МПС функцијата ја вршат професионално согласно Статутот на МПС, министерот со решение ги ослободува од работните обврски.*
*(2) Министерството се обврзува на лицата од ставот (1) на овој член, да им ја исплатува платата во висина на платата на работното место на кое дотогаш работеле, односно платата на работното место на кое се распоредени доколку истата е поповолна за нив.“*

***Член 280***
*„(1) МПС на секои 1.500 членови може да назначи по едно професионално лице од редовите на своите членови, заради извршување на координативните, административните, организациските и финансиските работи на МПС на одредено подрачје.*
*(2) Бројот на назначените професионални лица од ставот (1) на овој член, не може да биде поголем од 5.*
*(3) За времето додека ги извршува работите од ставот (1) на овој член, лицето од ставот (1) на овој член, со решение на министерот е ослободено од работните обврски.“*

На 4.2.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена уште една претставка од Синдикатот на полиција во Македонија, при што предметната претставка се однесуваше на уште еден член од Колективниот договор на МВР, заведена под арх. бр. 08-179/1.

Имајќи го предвид фактот дека во двете претставки станува збор за иста правна работа, а заради целисходност во водењето на постапката и преземање на соодветни процесни дејствија, Комисијата на ден 2.4.2025 година донесе Заклучок за спојување на двете постапки во една со број 08-178.

Оттука, во втората поднесена претставка, беа истакнати наводи за дискриминација која произлегува од содржината на **член 276 став 2** од Колективниот договор на МВР, кој гласи:

*„(2) На членовите на МПС, Министерството им овозможува ослободување од работа заради учество на семинари, советувања, конференции и други видови на синдикални активности согласно Статутот на МПС и Програмата за работа на МПС и тоа најмногу до 40 работни часа годишно, по претходно известување од претседателот на МПС.“*

И во двете поднесени претставки, подносителите наведуваат дека сметаат дека со наведените одредби од Колективниот договор на МВР, единствено на репрезентативниот синдикат во МВР – Македонскиот полициски синдикат се става во надредена и нееднаква положба над Синдикатот на Полиција во Македонија – СПМ како нерепрезентативен синдикат и за нив се предвидени права (ослободување од работа, назначување на професионално лице за извршување на разни работи и слично).

Во рамките на поднесените претставки, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 10.2.2025 до подносителите испрати Барање за доуредување на претставката заведено под арх. бр. 08-179/2, со кое Синдикатот на полицијата во Македонија беше задолжен да го наведи дискриминаторскиот основ врз кој смета дека е дискриминиран.

Оттука, на 27.2.2025 година, до Комисијата беше испратено доуредување на претставката заведено под арх. бр. 08-179/3. Во предметниот допис, беа наведени следните дискриминаторски основи: попреченост, лично својство и општествен статус, образложувајќи дека со оспорените одредби се врши ограничување и давање на првенство засновано на дискриминаторска основа односно со давање на права исклучиво на еден

синдикат, на членовите на синдикатот – подносител на претставката им се спречува и ограничува признавањето односно остварувањето на правата и слободите на еднаква основа со други.

На 3.3.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација како дополнување на претставката беше доставено Известување од страна на Министерството за економија и труд по Барање поднесено од страна на Синдикатот на полицијата во Македонија, при што дополнувањето кон претставката беше архивирано под бр. 08-178/2. Оттука, во даденото известување е наведено дека во членот 5 од Колективниот договор на МВР е наведено дека „Синдикат во смисла на овој договор е Македонскиот полициски синдикат.“ Оттука, наведувајќи дека не навлегуваат во толкување на КД на МВР, од Министерството за труд и економија истакнуваат дека синдикатот на МПС се јавува како потписник на колективниот договор, при што без да се потенцира дека тој е единствен синдикат на МВР, се нарекува „синдикат“ само за потребите на КД. Во продолжение на ова, во однос на примената на колективниот договор, наведуваат дека согласно член 208 од Законот за работните односи, поединечниот колективен договор (каков што е и Колективниот договор на МВР) ги обврзува, односно важи и за работниците кај работодавачот кои не се членови на синдикат или на синдикатот – потписник на колективниот договор.

На крајот на ваквото известување, од страна на Министерството за труд и економија наведуваат дека иако СПМ не е синдикатот – потписник на Колективниот договор, истиот важи подеднакво како за членовите на МПС така и за членовите на СПМ, но и за вработените кои не се членови на ниту еден синдикат.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 2.4.2025 година испрати Известување бр. 08-178/4 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за внатрешни работи.

На ден 12.5.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на известувањето за произнесување од страна на Министерството за внатрешни работи, заведено под арх. бр. 08-178/5. Во договорот на претставката, од страна на Министерството наведуваат дека со членот 276 од Колективниот договор на МВР на синдикалните претставници Министерството им овозможува ослободување од работа заради нивно ефикасно вршење на функциите на Македонскиот полициски синдикат, за учества на синдикални состаноци, семинари, советувања, конгреси и конференции и други видови на синдикални активности согласно Статутот на Македонскиот полициски синдикат и програмата за работа. Со став 2 од наведениот член пропишано е дека на членовите на Македонскиот полициски синдикат, Министерството им овозможува ослободување од работа заради учество на семинари, советувања, конференции и други видови на синдикални активности најмногу до 40 часа годишно, по претходно известување од претседателот на Македонскиот полициски синдикат. Во продолжение на одговорот на претставката, цитирани се членовите од Колективниот договор на МВР кои се наведени во претставката.

Во произнесувањето е наведено дека синдикалните претставници за времето поминато за синдикални активности добиваат полн надоместок на плата и ги користат сите права од работен однос, при што за учество во синдикални состаноци, семинари, советувања, конгреси, конференции и други видови на синдикални активности, на синдикалните претставници, со налог на раководителот им се одобрува користење на службено возило за најмалку двајца учесници.

Оттука, од страна на Министерството за внатрешни работи укажуваат на одредбите од Општиот колективен договор за јавниот сектор, каде во член 37 став 1 е пропишано дека работодавачот е должен на синдикалниот претставник да му овозможи платено отсуство од работа заради ефикасно вршење на функциите на синдикатот, синдикално образование и оспособување.

Во продолжение на ова, во произнесувањето се повикуваат на Законот за работни односи и член 5 од Општиот колективен договор за јавниот сектор, односно на деловите од законот каде се уредени видовите на колективни договори, примената и важноста на колективниот договор, предметот на колективно договарање и.т.н. Оттука, се повикуваат на член 210 од Законот за работните односи, согласно кој:

*„(1) Колективен договор склучуваат работодавачот или репрезентативното здружение н работодавачите и репрезентативниот синдикат.*
*(2) Кога е поднесено барање за утврдување на репрезентативност, а не се исполнети условите за репрезентативност од членовите 212 ставови (1) точка 2, (2), (3) и 213 ставови (1) точка 2, (2) и (3) од истиот закон во поглед на процентот на членовите до исполнување на условите за процентот на членовите и утврдување на репрезентативноста, колективен договор склучуваат работодавачот или здружението на работодавачи и синдикатот кој има најголем број на членови, врз основа на списокот доставен со барањето за утврдување на репрезентативност.“*

Во произнесувањето е наведено дека имајќи ја предвид одредбата на членот 5 од Колективниот договор на МВР, која децидно определува дека „Синдикат' во смисла на одредбите на предметниот колективен договор е Македонскиот полициски синдикат, како репрезентативен синдикат, од МВР наведуваат дека целосно се испочитувани одредбите од Законот за работните односи во однос на учесниците во склучувањето на колективен договор, односно условите за определување на репрезентативност на Македонскиот полициски синдикат со кој е склучен колективниот договор. Оттука, истакнато е дека посочените одредби од каде произлегуваат наведените прашања се во согласност со Законот за работни односи и Општиот колективен договор за јавниот сектор, следствено на што наведено е дека Колективниот договор на МВР како договор склучен помеѓу министерството и Македонскиот полициски синдикат, ги уредува прашањата кои се однесуваат на заштита на правата на синдикалните претставници во нивниот работен однос, како резултат на преговори согласно одредбите од ЗРО.

Во оваа насока, во произнесувањето е истакнато дека Министерството за внатрешни работи само ја потврдува законската обврска да склучи колективен договор со репрезентативниот синдикат, без интенција да се доведе во прашање односно ограничи формирање и функционирање на друг синдикат паралелно со Македонскиот полициски синдикат, кој во моментот ги исполнува условите за репрезентативност согласно закон.

На крајот на произнесувањето, од МВР истакнуваат дека подносителите на претставката иницирале и постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 276 став 2 од Колективниот договор на МВР, при што на 6.9.2023 година, Уставниот суд донел Решение У бр. 52/2023 со кое не се поведува постапка за оценување на уставноста и законитоста на наведениот член.

Во предметното решение на Уставен суд, образложено е дека различноста помеѓу репрезентативниот синдикат и другите синдикати кај истиот работодавач не може да се смета како привилегирање на еден синдикат, а дискриминирање на други синдикати, туку својството на репрезентативност се стекнува согласно Законот за работни односи, преку

исполнување на услови предвидени со закон кои во никој случај не значат забрана на делување на останати синдикати, доколку ги има, ниту пак може да имаат таква цел. Во продолжение на ова, Уставниот суд наведува дека во конкретниот случај, со оспорената одредба останатите регистрирани синдикати во Централниот регистар не се доведени во нееднаква и дискриминирачка положба, затоа што работниците имаат право по свој слободен избор да основаат синдикат и во него да се зачленуваат согласно Законот за работните односи, како и согласно условите пропишани со статутот или правилата на тој синдикат.

Согласно претходно наведеното, Уставниот суд на Република Северна Македонија утврдил дека оспорените одредби се во согласност со член 9 и член 37 од Уставот, како и со членовите 184, 185, 186, 198, 199 и 200 од Законот за работните односи, каде работниците имаат право по свој слободен избор да основаат синдикат и во него да се зачленуваат под условите пропишани со статутот или правилата на тој синдикат, односно работникот не е ставен во понеповолна положба од другите работници поради членство во друг синдикат и истиот е заштитен од отказ согласно закон, односно му следуваат истите права и обврски кои го штитат, без разлика на кој синдикат истиот е претставник.

Оттука, земајќи ги во предвид наводите во претставката, одговорот од произнесувањето по истата како и останатите прибавени релевантни факти, докази и информации, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на Министерството за внатрешни работи врз вработените во МВР кои не се членови на репрезентативниот синдикат, согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- Министерство за внатрешни работи, ул. „Димче Мирчев" бр. 9, 1000 Скопје
- Синдикат на полицијата во Македонија, ул. „Андон Шурков" бр. 45А, 1400 Велес